# KNOWLEDGE

## INTERNATIONAL JOURNAL

### Scientific and Applicative Papers

Vol. 8/1

2015

## КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ РИЗИК ФАКТОРИТЕ И КАРДИОВАСКУЛАРНИТЕ БОЛЕСТИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ЛЕКУВАНИ ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА ВО БИТОЛА, Р. МАКЕДОНИЈА

Проф. д-р. Мирчевска Л.[1], Доцент д-р. Мојсоска С.[2], Проф. д-р. Ристевска С.[3], Виш предавач д-р. Рајчановска Д.[4], Виш предавач д-р. Филов И.[5], Виш предавач д-р. Јовановска Т.[6], Виш предавач д-р. Стојчевска-Продановска В.[7], Предавач м-р. Ристевска-Димитровска Г[8].

**[1,3,4,5,6,7,8]Универзитет "Св. Климент Охридски "- Висока медицинска школа – Битола,**
**[2]Универзитет "Св. Климент Охридски "- Битола, Факултет за безбедност – Скопје**

**e mail: lmircevska@gmail.com**

### АБСТРАКТ

**Вовед:** Кардиоваскуларните болести (КВБ) се хронични масовни незаразни болести, кои се водечка причина за смрт кај населението во Р. Македонија. Најчести КВБ се срцевите и мозочните удари. **Цели:** анализа и корелација меѓу одделни ризик фактори и појавата на КВБ кај пациентите од општина Битола, после завршената хоспитализација. **Материјал и методи:** Спроведено е анкетно истражување во периодот од 01.02 до 01.03.2015 год., со цел испитување на ризик факторите одговорни за морбидитет од КВБ (пушење, масна исхрана, покачен крвен притисок, наследен фактор, консумирање алкохол, физичка активност, стрес, БМИ), со опфатеност на 64 пациенти според пол, возраст (31-65 год.), образование, населено место. **Резултати:** Повеќе од испитаниците се од машки пол (68,7%), најчеста возраст е 61-65 год. (35,9%), со поголема застапеност на испитаници од градското подрачје (81,3%). Најчест ризик фактор кај испитаниците е прекумерната телесна тежина (95,3%), потоа стресот (89,1%), високиот крвен притисок (79,7%), консумирањето алкохол (65,6%), немање физичка активност (56,3%). Послаба корелација се забележува меѓу пушењто (53,1%) и меѓу генетските фактори (42,2%) и појавата на КВБ. **Заклучок:** Кардиоваскуларните заболувања се значајни социо-медицински болести во нашата средина. Најзначаен фактор на ризик за појава на кардиоваскуларните заболувања е БМИ. Од особена важност е примената на мерките за промоција и превенција, спречување и сузбивање на кардиоваскуларните заболувања, спроведување на мерки за спречување на компликации и намалување на стапката на смртност.

Клучни зборови: алкохолизам; КВБ; ризик фактори; промоција; превенција.